Национална установа Стоби

National Institution Stobi

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Национална установа за управување со
археолошкиот локалитет Стоби-Градско

Бр. 05-53/1

02.02 2018 год.

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО АРХЕОЛОШКИОТ ЛОКАЛИТЕТ СТОБИ – ГРАДСКО

- **Период: 01.01 – 31.12.2017 год.**

**Дејност: Заштита на недвижно културно наследство**

**Стоби, февруари 2018 год.**

Археолошки локалитет Стоби, 1420 Градско
Република Македонија
тел. ++389 43/25 10 26, факс: ++389 43/25 10 50
e-mail: contact@stobi.mk

Archaeological site Stobi, 1420 Gradsko
Republic of Macedonia
phone: ++389 43/25 10 26, fax: ++389 43/25 10 50
e-mail: contact@stobi.mk

# I. Проекти во рамки на Годишната програма за работа на Националната установа за управување со археолошкиот локалитет Стоби – Градско од областа на заштитата на недвижно културно наследство за 2017 година

Министерството за култура учествува во финансирање на Годишната програма за работа на Националната установа за управување со археолошкиот локалитет Стоби – Градско (Годишен договор бр. 31-3204/1 од 08.03.2017 г. и Анекс кон Договорот со бр. 31-3204/30 од 29.12.2017 год.) со средства од Буџетот на Р. Македонија во вкупен износ од **4.530.396,00** денари за реализација на:

1. Тековно одржување и партерно уредување на археолошкиот локалитет Стоби, со вкупен износ од **1.000.000,00** денари.
2. Реализација на проект за заштитна покривна конструкција и презентација на Епископската базилика во Стоби, со вкупен износ од **500.000,00** денари.
3. Конзервација, реставрација, реконструкција и археолошки доистражувања на објект Римски театар во Стоби, во вкупен износ од **1.500.000,00** денари.
4. Археолошки истражувања на комплексот околу Храмот на Изида во Стоби, со вкупен износ од **300.000,00** денари.
5. Реализација на проект – Ургентна санација и регулација на коритото на Црна Река долж археолошкиот локалитет Стоби, со вкупен износ од **70.000,00** денари.

Од вкупната сума 1.160.396,00 денари се наменети за:

1. За материјални трошоци за реализација на Програмата на конто 464990 се одобрени **400.000,00** денари. Финансискиот извештај (Образец бр.3) е во прилог.
2. За електрична енергија на конто 421110 се одобрени **653.204,00** денари. Финансиски извештај (Образец бр.4) е во прилог.
3. За други комунални услуги на конто 421190 се одобрени **60.000,00** денари. Финансискиот извештај (Образец бр.4) е во прилог.
4. За солидарна помош за смрт на член на потесно семејство (татко) на работникот Емилија Митева на конто 464990 се одобрени **15.000,00** денари. Финансискиот извештај е во прилог.
5. За солидарна помош за смрт на член на потесно семејство (татко) на работникот Мише Тутковски на конто 464990 се одобрени **15.000,00** денари. Финансискиот извештај е во прилог.
6. За еднократна парична помош на работник за непрекинато боледување подолго од шест месеци за Крсте Павлов на конто 464990 се одобрени **17.192,00** денари. Финансискиот извештај е во прилог.

1. **Тековно одржување и партерно уредување на археолошкиот локалитет Стоби**

Во текот на првата половина од 2017 година, на овој проект беа вклучени 7 (седум) општи работници и еден хигиеничар за одржување на хигиената на локалитетот и во службените простории на НУ Стоби. Општите работници беа ангажирани за отворање на мозаиците кои во зимскиот период се покриени со песок, косење на тревата во презентирните градби и на целата површина од локалитетот, чистење и уредување на патеките за посетители и редовно чистење и одржување на презентираните градби. Во овој период беше поставена и оградата од синџир околу сите презентирани градби во Стоби во должина од 1400 метри.

Во рамки на проектот беше извршена набавка на резервни делови и опрема за косилките, ХТЗ опрема за работниците, разни материјали за поправки и санација на опремата и дел од работните простории, хемикалии за уништување на штетна вегетација и вибрациона брусилка за дрво. Покрај тоа беше ангажирана и компанија за чистење на септичката јама од тоалетите за посетителите која се наоѓа на влезот од локалитетот, а беа извршени и неколку поправки на сувенирницата, како и замена на скршени стакла. Извршена беше и замена на хидрофорска боца од системот за водоснабдување на објектите во НУ Стоби.

Во втората половина од 2017 година, во рамките на овој проект беа ангажирани 8 (осум) лица кои работеа на одржување на локалитетот: секојдневно косење на тревата и чистење на вегетацијата од целата површина на локалитетот (презентирани градби, патеки за движење на посетителите, дворно место пред работните простории на НУ Стоби), редовно чистење на презентираните мозаици, одржување на хигиената во работните простории на НУ Стоби, одржување на хигиената во јавните тоалети на локалитетот, како и секојдневно чистење на корпите за отпадоци на локалитетот. Во текот на октомври и ноември, ангажираните лица ги покриваа мозаиците со песок, со цел да се спречат оштетувањата од ниските температури во текот на зимските месеци.

Во месец декември работниците и мајсторите беа ангажирани на санација и поплочување на подот во трпезаријата, санација и поплочување на тоалетот од бараката во која се сместени конзерваторските лаборатории и ИНДОК центарот, санација и поплочување на подот од чуварата која се наоѓа на влезот од локалитетот, санација и адаптација на една од старите сувенирници во простор наменет за потребите на домаќинот и хигиеничарот од НУ Стоби.

- Финансиски извештај (образец бр.3) во прилог.

## 2. Реализација на проект за заштитна покривна конструкција и презентација на Епископската базилика во Стоби

### 2.1 Археолошки истражувања

Со цел да се обезбедат основните предуслови за проектирање на заштитната покривна конструкција над Епископската базилика, во рамките на овој проект се реализираа археолошките истражувања во јужниот кораб од базиликата. На тој простор е предвидено да се постави носечка конструкција за мозаиците од Епископската базилика и затоа е неопходно да се извршат детални ископувања на целиот простор.

Ископувањата се реализираа во периодот од 20.04 до 15.08.2017 година при што беше целосно отворена западната половина од јужниот кораб, сѐ до подното ниво на Старата епископска базилика кое се наоѓа на 4 – 4.5 метри пониско ниво. Во слоевите над подот од базиликата се откриени голем број на фреско фрагменти кои припаѓале на таванската декорација од Старата епископска базилика. Сите откриени фрагменти се подигнати и складирани во вкупно 169 кутии. Детална документација и консолидација на овие фрагменти е предвидена за следната година, за што се побарани финансиски средства од Министерството за култура.

Јужниот и западниот ѕид од Старата епископска базилика не се откриени целосно, со цел земјените наслаги да ги заштитат фреските од атмосферските влијанија. Предвидено е овој дел од градбата целосно да се открие во текот на следната година и веднаш да се извршат превентивни конзерваторски зафати на фреските кои се зачувани *in situ* на ѕидовите од базиликата.

Детален извештај за резултатите од извршените археолошки истражувања на Епископската базилика со бр. 08-109/14 од 18.08.2017 година е изработен од д-р Силвана Блажевска – раководител на ископувањата.

### 2.2. Изработка на основен проект за заштитна покривна консрукција и презентација на Епископската базилика од Стоби

Втората предвидена активност од овој проект беше развивањето на Основен проект врз основа на Проектната програма која е изработена на Македонски и на Англиски јазик за да може да се објави меѓународен оглас за избор на проектантска компанија која треба да го развие прифатеното Идејно решение до Основен проект за заштитна покривна конструкција и презентација на Епископската базилика. Издвоените средства од Министерството за култура за овој проект во висина од 500.000,00 (петстотини илјади) денари не беа доволни за реализација на оваа активност и заради тоа беше побарана пренамена на дел од средствата (600.000,00 денари) кои беа обезбедени за проектот „Санација и адаптација на Старата железничка станица во Центар за посетители“ финансиран од Годишната програма за работа за 2017 година - музејска дејност. Пренамената беше одобрена од Министерството за култура (Известување со бр.30-2727/4 од 30.05.2017 год.), но финансиските средства никогаш не беа префрлени на сметката на НУ Стоби.

- Финансиски извештај (образец бр.3) во прилог.

3. **Конзервација, реставрација, реконструкција и археолошки доистражувања на објект Римски театар во Стоби**

Во периодот април-јуни се изведуваа заштитни археолошки ископувања во источната половина на горниот сегмент од гледалиштето (summa cavea). Целта на истражувањата во 2017 год. беше дооткривање и документирање на културните слоеви и архитектонските остатоци од доцноантичките и средновековните живеалишта кои беа откриени на овој простор со претходните ископувања во 2009-2010 година. Покрај тоа се расчистуваа и радијалните ѕидови заради дополнување на техничката и фото-документацијата кои се неопходни за проектот за конзервација и реставрација на театарот. На просторот над вториот циркуларен коридор се работеше на доистражување на доцноантичките градби кои се наоѓаат помеѓу радијалните ѕидови на театарот. Паралелно со ископувањата се изготвуваше и техничка документација за постојната состојба на горниот дел од гледалиштето каде што треба да се одвиваат конзерваторско-реставраторските зафати во следната година.

Во текот на ископувањата на посочените позиции е откриен движен археолошки материјал, генерално фрагментирани керамички садови и 71 монета.

Детален извештај за резултатите од извршените археолошки истражувања на Театарот (бр. 08-108/16 од 24.08.2017 година) е изработен од м-р Гоце Павловски – раководител на ископувањата.

Конзерваторско-реставраторските зафати на театарот се одвива во периодот од септември до ноември согласно со предвидената динамика од Основниот проект за конзервација, реставрација и реконструкција на источната половина на *ima cavea* на театарот во Стоби со бр. 08-164/2 од 07.08.2013. Кон крајот на август и почетокот на септември беше спроведена јавна набавка за градежни материјали, по што е овозможено започнување на работите. Почетните активности вклучуваа расчистување на деградираниот материјал, изработка на ременати и подѕидување и пломбирање на оштетените делови. Во текот на септември беа реставрирани арките од тули и малтер на влезовите во страничните простории на централниот радијален коридор и беше конзервиран сочуваниот дел од сводот од тули над централниот радијален коридор. Потоа, во текот на септември и октомври беа реставрирани сводовите од тули над страничните простории, по што започна реставрацијата на лежиштата за седишта од камен - песочник и малтер. Во текот на октомври и ноември беа реставрирани лежиштата за седишта од 5-от до 15-от ред во сегментот над централниот радијален коридор и страничните простории со вкупна површина од 65 м2. 12-от ред на лежишта за седишта беше реставриран по целата должина на источната половина на *ima cavea*.

Извештајот за реализацијата на овој проект од страна на д-р Трајче Нацев е во фаза на изработка.

- Финансиски извештај (образец бр.3) во прилог.

## 4. Археолошки истражувања на комплексот околу Храмот на Изида

Археолошките ископувања на комплексот околу Храмот на Изида беа извршени во текот на месеците април и мај. Фокусот на овогодинешните истражувања беа просториите од комплексот кои се наоѓаат на источната страна од храмот. Истражувањата започнаа со подготвителни работи, односно со расчистување на целиот простор околу храмот од разрушената земја и од вегетацијата, по што се пристапи кон ископување на трите простории од источната страна на храмот. Овие истражувања дадоа податоци за функционирањето на овој простор во доцната антика, односно за периодот кога Храмот на Изида повеќе не функционирал како сакрален објект. Во рамките на трите простории беа откриени и документирани неколку подни нивоа со разновиден археолошки материјал – фрагментирани керамички садови, бронзен сад и околу 240 монети.

Ископувањата беа спроведени под надзор од двајца археолози од НУ Стоби и 7 (седум), односно 9 (девет) работници во април и мај. Техничката документација е изработена со фотограметриско снимање на истражуваниот простор, по што истата е исцртана во AutoCAD.

За потребите на овој проект е извршена набавка на пластични гајби за складирање на студиски материјал во вредност од 29.900,00 денари.

Деталeн извештај за резултатите од извршените археолошки истражувања на Комплексот околу Храмот на Изида (бр. 08-110/10 од 08.08.2017 година) е изработен од д-р Силвана Блажевска – раководител на ископувањата.

Археолошките ископувања на комплексот околу Храмот на Изида се завршени на 30.06.2017 година. Во текот на месец јули се извршени исплати за вкупно 6 (шест) работници кои претходно беа ангажирани на овој проект. Префрлањето на остатокот од одобрената сума за овој проект (30%) е извршено во септември и со тие средства е направена превентивна заштита – консолидација на камените блокови од Храмот на Изида и превентивна заштита на нумизматичкиот материјал.

- Финансиски извештај (образец бр.3) во прилог.

## 5. Ургентна санација и регулација на коритото на Црна Река долж археолошкиот локалитет Стоби

Овој проект е во врска со Извдокот од Нацрт записникот од Педесет и шестата седница на Владата на Р. Македонија бр.42-1015/1 од 17.02.2015 година, точка 134 со кој се задолжува НУ Стоби да покрене постапка за изготвување на проектна документација со цел трајно решавање на проблемот со коритото на Црна Река на потегот на археолошкиот локалитет Стоби, по Информацијата за загрозеност на локалитетот заради зголемениот водостој и одронувањето на левиот брег од реката.

За решавање на овој проблем е изготвен Основен проект за ургентна санација и регулирање на коритото на Црна Река од страна на: Друштво за градежништво, промет

и услуги ГЕИНГ Кренс унд Кифер Интернешнл и други ДОО, Скопје. Проектот со тех. бр. ПД_136_08/15 е доставен до НУ Стоби на 04.03.2016 година. Ревизија на проектот со тех. бр. 14/16 од 11.03.2016 година, изврши: Друштво за проектирање, инженеринг, трговија и услуги Хидро Градежен Инженеринг ДОО Скопје.

Врз основа на проектната предмер пресметка од 23.775.460,00 (дваесет и три милиони седумстотини седумдесет и пет илјади и четиристотини шеесет) денари, НУ Стоби го формулираше и барањето за реализација на овој проект во рамки на Годишната програма за 2017 година. Одобрените средства од страна на Министерството за култура во висина од 100.000,00 (сто илјади) денари не беа доволни за отпочнување на било какви активности од овој проект и заради тоа НУ Стоби до Министерството за култура испрати Информација и предлог ревидирана Годишна програма со бр.05-210/2 од 07.07.2017 год. со што НУ Стоби се откажува од одобрените финансиски средства.

- Финансиски извештај (образец бр.3) во прилог.

## II Вонпрограмски активности од меѓународна соработка:

### 1. Реализација на меѓународни летни школи во соработка со фондацијата Балканско наследство од Р. Бугарија

#### 1.1 Реализација на меѓународна работилница за конзервација, реставрација и документација на римски мозаици и ѕидно сликарство STOBI.CDRMP.WRK17:

Во периодот од 03.06.2017до 22.06.2017 година, во соработка со фондацијата Балканско Наследство од Бугарија на археолошкиот локалитет Стоби се одржуваше меѓународната школа за конзервација и реставрација на мозаици и ѕидно сликарство. Во првиот дел од школата (од 03 до 18 јуни) кој беше посветен на документација и конзервација на мозаици учествуваа осум студенти, од кои шест продолжија и на следниот курс (од 18 до 22 јуни) за документација и конзервација на ѕидно сликарство. Двата едукативни курса беа спроведени под раководство на м-р Мишко Тутковски од НУ Стоби и д-р Красимира Франгова од Кралската Академија во Копенхаген, Данска.

Годинашните активности беа насочени кон изработка на детална конзерваторска документација за сите мозаички фрагменти кои се откриени во триклиниумот на Епископската резиденција (т.н. Казино) и изведување на основна in situ конзервација на вкупно 5 мозаички фрагменти кои се лоцирани во западниот дел од просторијата. Мозаиците од триклиниумот за прв пат се откриени со археолошките ископувања од 70тите години кога бил истражен само еден дел од оваа просторија. Целосното откривање на триклиниумот и на сите мозаички фрагменти се одвивало во текот на 80тите години кога била изработена техничка документација, односно основа на просторијата со мозаиците. Покрај тоа, во овој период била извршена и превентивна

конзервација, односно опшивање на рабовите на мозаикот и исполнување на лакуните со цементен малтер. По интервенциите, сите мозаички фрагменти биле прекриени со тенок слој од песок без поставување на соодветна мембрана помеѓу мозаикот и песочната покривка. Мозаиците беа отворени за прв пат на самиот почеток на школата и веднаш потоа беше изготвен и основниот план за изведување на превентивни конзерваторски интервенции.

*Превентивни мерки за заштита на мозаиците*

Сите сочувани фрагменти од овој мозаик беа отворени и исчистени, по што беше изготвена основна дескриптивна, техничка и фотодокументација за секој фрагмент посебно (вкупно 11). По изработката на основната документација беа извршени превентивните конзерваторски интервенции на 5 фрагменти затоа што времетраењето на школата не дозволува повеќе.

Конзерваторските активности започнаа со суво чистење на мозаичките површини со употреба на метли, четки и ситни медицински алатки кои беа искористени за отстранување на земја, наталожени нечистотии и вегетација, а потоа следеше чистење со мали количини на вода и сунѓери. Веднаш потоа започна постапката за привремено фиксирање на тесерите од мозаичките рабови и околу лакуните со цел да се овозможи отстранување на старите опшивки и китови и да се обезбеди пристап за инјектирање и консолидирање на малтерните слоеви од мозаикот. Фиксирањето се извршуваше со употреба на гази кои се облепуваа на мозаичката површина со 15% раствор на Paraloid B72 во ацетон. Откако беа обезбедени сите рабови на мозаикот се пристапи кон отстранување на цементните опшивки со употреба на чекани, шила и длета, по што започнавме со чистење на просторот под и зад опшивките. Стариот и деградиран малтер кој се наоѓа под облепениот теселатум се отстрануваше целосно, а малтерите кои имаа задоволителна цврстина беа оставени и дополнително зацврстени т.е. консолидирани со употреба на 12% раствор на консолидантот Ares 33 во вода, нанесуван со четки и инјектиран со шприцови. Вака подготвената подлога беше спремна за отпочнување на следната постапка, а тоа е опшивање и китирање на мозаикот за што се користеше малтер кој е сличен на оригиналниот. Малтерот се нанесуваше со ѕидарски и медицински спатули а потоа се моделираше со влажни сунѓери. По добивањето на задоволителна цврстина на малтерите, продолживме со отстранување на налепените гази. Оваа постапка се изведуваше со обложување на газите со целулозна хартија - лигнин која се потопуваше со чист ацетон и се покриваше со алуминиумска фолија со цел да се спречи наглото испарување на ацетонот, а во исто време ацетонот го разложува нанесениот лепак кој е на база на Paraloid B72. Газите се отстрануваа внимателно со помош на памук натопен во ацетон и со медицински скалпели.

По опшивањето на рабовите на мозаиците и вадењето на облепените гази, започнавме со работа на самата мозаичка површина каде што се фиксираа разнишаните тесери, а оние кои отпаднаа во процесот на конзервација беа ресетирани со употреба на истиот малтер кој беше употребен за опшивање и китирање на мозаикот. На одредени делови од мозаикот беше извршено фугирање како и китирање на пукнатините и помалите лакуни, со што се обезбеди неопходната заштита и стабилност на мозаичките

површини. По оваа постапка уследи и финалното чистење на мозаиците со тврди четки и вода со цел да се извадат сите нечистотии од фугите помеѓу тесерите. На крај, мозаичката површина беше консолидирана со Estel 1000 нанесуван со четка. Консолидантот беше нанесен два пати на целата површина од мозаиците, а на тесерите изработени од зеленикав песочник, овој процес беше повторен три пати за да се постигне поголема цврстина и отпорност на каменот.

Учесниците на курсот за документација и конзервација на мозаици имаа прилика да работат и на фрагменти од ѕидни мозаици кои се откриени во просторијата со апсида источно од храмот на Изида (Инв.бр.МЗ-12-01 и музејски инв. број НУС-А-МЗ-2382). За време на школата беа документирани и превентивно конзервирани вкупно 91 фрагмент од ѕидните мозаици кои добија идентичен конзерваторски третман кој подразбира:

1. Механичко чистење на наталожените нечистотии со употреба на четки и медицински алатки;
2. Чистење на површината од тесерите и боените фуги по механички пат и со употреба на вода;
3. Консолидација на малтерот со 50% раствор на Acril 33 во вода (Растворот од 50% се користеше со цел да се зацврсти единствено надворешноста на фрагментите, односно да го спречи продирањето на акрилот длабоко во малтерот. На тој начин, во внатрешноста на фрагментите ќе биде зачувана оригинална структура на малтерот);
4. Консолидација на боените фуги со 5% раствор на Paraloid B72 во ацетон;
5. Консолидација на тесерите изработени од камен, тула и стакло со Estel 1000;
6. Нумерирање и фотодокументирање.

Во последните денови од летната школа се работеше на документација и превентивна конзервација на еден сегмент од ѕидното сликарство од Старата епископска базилика.

Покрај теренската настава и предавањата, во рамките на меѓународната летна школа редовно се организираат и неколку студиски посети на археолошките локалитети и најзначаните споменици на културата од Охрид, Битола и Пела (Р. Грција).

Детален извештај од школата за документација и конзервација на римски мозаици со бр. 09-177/9 од 17.07.2017 година, е изработен од м-р Мишко Тутковски од НУ Стоби – координатор на школата.

- Финансиски извештај (образец бр.5) во прилог.

## 1.2. Реализација на меѓународна работилница за конзервација и документација на керамика и стакло STOBI.RPDR.WRK17

Во периодот од 03.06.2017 година до 23.06.2017 година, на археолошкиот локалитет Стоби, во соработка со фондацијата Балканско Наследство од Бугарија, беше реализирана школа за конзервација и документација на римска, доцноримска керамика и стакло. Во рамки на школата се конзервирани петнаесет керамички садови. Шест од нив се пронајдени со ископувањата во секторите Театар и Западна некропола во 2015 и 2016 година, додека останатите девет керамички садови се пронајдени со ископувањата во 1992 година и 1995 година. Освен на керамичките садови, се

работеше и на четири теракотни фигурини ископани во 2009 г. како и на конзервација на шест стаклени садови кои потекнуваат од ископувањата во 1971, 1992 и 1995 г. Согласно со мерките на превентивна заштита на културно наследство, од Законот за заштита на културно наследство, керамичкиот материјал е исчистен и залепен со реверзибилно лепило, без надополнување односно реконструкција на деловите кои недостасуваат.

Во зависнот од самиот керамички сад, беа превземени соодветните конзерваторски методи. Кај дел од предметите, главно од поновите ископувања, кои не се конзервирани претходно, неопходно беше отстранување на соли од површината на керамичкиот материјал по што следуваше составување и лепење на фрагментите. Имаше керамички садови кои се конзервирани претходно, но поради несоодветниот поран конзерваторски третман садовите беа расклопени, кај дел од нив е извршена десалинизација, па се работеше на отстранување на старото лепило по што фрагментите беа повторно прво прелиминарно составени па залепени. Кај еден керамички сад беше извршена само корекција на претходната конзервација.

Во рамки на оваа школа, освен на керамичките садови и светилки се работеше и на конзервација на четири теракотни фигурини. Три од нив се тип Телесфор со дете со следниве инвентарни броеви: ТФ-09-89 (сл.17); ТФ-09-111(сл.18) и ТФ-09-119 (сл.19) и една теракота тип Ерос на бик со инв. бр. ТФ-09-74 (сл.16). Сите теракоти се цели, нефрагментирани. Надворешно беа покриени со цврсти наслаги од нечистотија, прашина и соли. Наслагите беа третирани со тампонирање со 3А раствор и наместа механички со медицински скалпел и дрвени спатули. Под наслагите од нечистотија и соли има бело боење, наместа црвено и сино меѓутоа генерално е слабо сочувано.

Во периодот од 19.06 – 23.06.2017 г. се работеше на конзервација на стаклени садови. Извршена е превентивна конзервација на шест стаклени садови. Површината надворешно и внатрешно ја покриваа наслаги од нечистотија и соли. Наслагите беа третирани со киснење на материјалот во 2 % раствор од EDTA и дестилирана вода, комбинирано со изложување на кратки третмани од 2 минути во ултразвучна бања. Садовите кои што беа третирани во рамки на школата се со следниве инвентарни броеви: G-71-32 (сл.20 а,б); G-71-35 (сл.21а,б); G-71-98 (сл.22 а,б); СТ-92-34 (сл.23 а,б); СТ-95-27 (сл.24 а,б) и СТ-95-68 (сл.25 а,б).

Покрај теренската настава и предавањата, учесниците на меѓународната летна школа ги посетија археолошките локалитети и најзначаните споменици на културата од Охрид, Битола и Пела (Р. Грција).

Детален извештај од школата за документација и конзервација на римска керамика и стакло со бр. бр.09-177/10 од 17.07.2017 година, е изработен од Билјана Јанкуловска од НУ Стоби – координатор на школата.

- Финансиски извештај (образец бр.5) во прилог.

**1.3. Реализација на меѓународна летна школа за археолошки истражувања STOBI.EXC.17:**

Во периодот од 22.06.2017 до 31.07.2017 година, на археолошкиот локалитет Стоби, во соработка со фондацијата Балканско Наследство од Бугарија, беше

реализирана летната школа за археологија. На школата учествуваа вкупно 19 студенти од САД и Канада.

Истражувањата се одвиваа на просторот јужно од Теодосијанската палата, каде што продолжија систематските ископувања на градбата која датира од VI век н.е. Во текот на работата, студентите ги изучуваа сите процеси на археолошките ископувања, од теренска работа до изготвување на детална дескриптивна, техничка и фотодокументација. Обработката на откриените наоди исто така е дел од образовната програма на оваа школа. Покрај основните принципи и методи на документирање, студентите ги изучуваа и напредните техники за изработка на фотограметриска документација – обука која што ја вршеше професорот Џорџ Беван од Универзитетот Квинс во Канада. Теренската обука на студентите е пропратена со повеќе предавања кои се поврзани со историјата и археологијата на Стоби и Македонија. Покрај тоа, во рамките на меѓународната летна школа редовно се организираат и неколку студиски посети на археолошките локалитети во Охрид, Битола и Пела (Р. Грција).

Детален извештај од школата за археолошки истражувања со бр. 08-192/14 од 31.08.2017 година е изработен од м-р Гоце Павловски од НУ Стоби – координатор на школата.

Со дел од финансиските средства кои беа обезбедени од оваа школа во висина од 134.567,00 денари е кофинансирана реализацијата на проектот за дислокација на дел од електричната мрежа во Стоби.

- Финансиски извештај (образец бр.5) во прилог.

## 2. Грант од амбасадата на САД во Македонија за заштита на културното наследство за проект: Конзервација на Крстилницата од Епископската базилика во Стоби

Во текот на 2017 година се реализираше проектот за конзервација на мозаикот и камената пластика од крстилницата на Епископската базилика кој е разделен на две целини:

### 2.1 Конзервација и реставрација на камената пластика од крстилницата

Во рамките на овој проект е извршена конзервација и реставрација на архитектонската мермерна пластика од крстилницата на Епископската базилика во Стоби. Станува збор за 9 бази за столбови, 12 стебла и 10 капители. Базите, столбовите и капителите се заверени во теренската документација како Серија А (6 бази, 6 стебла и 6 капители) и Серија Б (3 бази, 6 стебла и 4 капители). Поголемите столбови од Серија А биле поставени околу писцината врз мозаичниот под во крстилницата, додека помалите столбови од Серија Б стоеле на самиот ѕид од писцината.

Во текот на 2017 година е реализирана првата фаза од овој проект во кој беа преземени следните конзерваторско – реставраторски активности:

1. Отстранување на наталожените нечистотии;

2. Отстранување на мов и лишаи;

3. Лепење на скршените бази, столбови и капители;

4. Консолидација на ронливи површини;

5. Реконструкција на деловите кои недостасуваат (реконструкција во глина, изработка на капал, лиење во полиестер, лепење т.е. составување).

6. Пополнување на пукнатините и на празните површини од елементите;

7. Обработка на полнетите површини (чистење, полирање);

8. Изработка на три бази од серија Б и една база од серија А (копии на оригинали).

По завршувањето на посочените активности, сите елементи од архитектонската мермерна пластика од крстилницата се подготвени за следната фаза од реализацијата на овој проект. Во текот на 2018 година сите мермерни елементи треба да се вратат во нивната оригинална местоположба, односно треба да се изврши анастилоза во самата крстилница.

Извештајот од реализацијата на овој проект од страна на Мариана Филова од НУ Стоби е во фаза на изработка.

**2.2 Конзервација и реставрација на мозаикот во крстилницата**

Конзерваторско-реставраторските работи во 2017 година беа фокусирани на структуралното зацврстување на сите слоеви од мозаикот во крстилницата, кое беше извршено со три засебни постапки:

1. Конзерваторски интервенции во и околу лакуните на мозаикот;

2. Парцијално вадење на делови од мозаикот на кои се утврдени големи оштетувања;

3. In Situ конзервација со инјектирање на мозаикот.

До завршувањето на теренските работи на 30.10.2017 година, овие активности беа завршени речиси во целост. Остануваат уште неколку делови од мозаикот каде што треба да се изврши дополнително инјектирање со течен малтер, по што ќе може да отпочнат финалните конзерваторско-реставраторски работи кои се предвидени за 2018 година, а тоа се:

1. Поставување на дренажен систем на западната страна од крстилницата;

2. Детално чистење на мозаичката површина;

3. Консолидација на мозаичките тесери;

4. Фугирање на мозаикот;

5. Завршни работи на мозаикот и изготвување на финална документација.

По извршувањето на посочените активности, мозаичкиот под во крстилницата ќе биде подготвен за непречено извршување на следната реставраторска активност во крстилницата – анастилоза на мермерните столбови околу писцината и враќање на мермерниот кантарос во неговата изворна местоположба.

За реализацијата на овој проект е изготвен извештај со бр. 09-12/2 од 03.01.2018 год., од страна на м-р Мишко Тутковски од НУ Стоби.

- Финансиски извештај (образец бр.5) во прилог.

## III Останати активности

### 1. Сопствени приходи од туристичката презентација на Стоби

- Финансиски средства: Приходите се остварени од продажба на влезници и од продажба на сувенири, комерцијални копии од археолошки наоди и освежителни пијалоци.

- Вкупно приходи од продажба на влезници, сувенири, комерцијални копии од археолошки наоди и освежителни пијалоци изнесува 1.688.977,00 денари од кои:

  - пренесено салдо на сопствени приходи 24.027,00 денари (од 2016 год.)
  - приходите од влезници изнесуваат 1.186.871,00 денари
  - приходите од продажба на сувенири и комерцијални копии изнесуваат 287.784,00 денари
  - приходите од продажба на освежителни пијалоци изнесуваат 190.295,00 денари

- Во периодот од 01.01.2017 до 31.12.2017 година, археолошкиот локалитет Стоби го посетиле вкупно 13948 лица, од кои 6705 домашни и 7243 странски гости. Бесплатен влез на локалитетот имале вкупно 724 лица, од кои 231 домашни и 493 странски гости. Слободен влез добиле лицата кои се членови на ICOMOS, хендикепирани лица, новинари, археолози, водичи, учителки, деца до 6 години и бездомници.
- тука поединечно за приходите

Со цел подобрување на туристичката понуда на археолошкиот локалитет Стоби, веднаш до сувенирницата која се наоѓа пред самиот влез на локалитетот беше поставен шанк со масички и клупи на кои се служеа освежителни пијалоци за посетителите. Набавката на пијалоците беше спроведена во текот на месец март, при што беше избран економскиот оператор ДТУ ТД-ТД од Кавадарци, со кого беше склучен договорот со бр. 05-116/12 од 30.03.2017 год. до исполнување на сума во износ од 299.632.00 денари.

Средствата од сопствените приходи во целост се користат за подобрување на тековното работење на установата и за остварување на подобра туристичка промоција на локалитетот. Во туристичката сезона (април-ноември) беа ангажирани 3-4 туристички водичи низ локалитетот и две продавачки во сувенирницата и шанкот.

Финансиски извештај од остварени приходи и расходи (Образец бр.5) во прилог.

## 2. Презентации и настани

**Учество на симпозиуми на вработените во НУ Стоби**:

- Во периодот од 27.02 до 02.03.2017 година во Пловдив, Р. Бугарија се одржа состанок на бордот и еднодневен симпозиум во организација на ICCM (International Committee for the Conservation of the Mosaics), на кој присуствуваше директорот на НУ Стоби, д-р Силвана Блажевска со презентација на тема „Conservation of the mosaics from Stobi". На симпозиумот учествуваа членовите од бордот на ICCM, претставници од The Getty Conservation Institute и конзерватори од Р. Бугарија

- Во периодот од 21 до 24.03.2017 година, во организација на Туристичкиот сојуз на Солин, хотелот Президент и Градот Солин беше организирана 3-тата меѓународна конференцијана историски места под наслов "Meet, Share and Build" на која учествуваше директорот на НУ Стоби – д-р Силвана Блажевска со презентација на моделот на управување со археолошкиот локалитет Стоби, со наслов: "Archaeological site Stobi: Interpretation and Presentation".

- Во периодот од 23.05.2017 до 27.05.2017 во организација на GEA Research Group, и Department of Prehistory and Archaeology of the University of Granada, се оддржа 12-тата меѓународна конференција за обработена коска во Гранада, Шпанија. На конференцијата учествуваше м-р Златко Кованцалиев, кустос за римски период во НУ Стоби, со постер презентација "Bone Tools for Spinning and Weaving from Stobi".

- Во периодот од 24.06 до 29.06.2017 година во Берлин се одржа работилница на тема "The Rise of Christianity in Greece and Southern Balkans" во организација на Универзитетот Хумболт, а во рамки на проектот:" Excellence Cluster 264 Topoi Workshop" на која учествуваше Димитар Николовски од НУ Стоби со презентација на тема "Shaping the City: The Influence of Christianity in Stobi".

- Во периодот од 03.10 до 06.10.2017 година, во Пула, Хрватска се одржа меѓународната конференција SEE Mosaics Conference IV "Presentation of Detached Mosaics on Movable Supports", во организација на конзерваторскиот институт од Хрватска, Археолошкиот музеј од Истрија и Централниот институт за конзервација од Београд. На конференцијата учествуваше м-р Мишко Тутковски од НУ Стоби со орална презентација „Conservation of floor mosaics from the narthex of the Episcopal basilica in Stobi". На конференцијата учествуваа конзерватори за мозаици од САД, Италија, Австрија, Франција, Словенија, Хрватска, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Македонија, Грција и Грузија.

- Во периодот од 15.10 до 20.10.2017 година, во Барселона се одржа 13тата меѓународна конференција на ICCM (International committee for the conservation of mosaics), со тема “What comes to mind when you hear mosaic? Conserving mosaics from ancient to modern”. Конференцијата беше организирана од ICCM Foundation и Barcelona Archaeological Service со поддршка од The Getty Foundation. На конференцијата учествуваше м-р Мишко Тутковски од НУ Стоби со орална презентација „What comes to visitor’s minds when they hear mosaic but you can’t see it? Restoration and presentation of the mosaics from the Episcopal complex in Stobi” и како ко-автор (со K. Jones & G. Bevan) на постер со наслов: “Photogrammetric Documentation of Mosaics from NI Stobi, Republic of Macedonia”. На конференцијата учествуваа конзерватори за мозаици од речиси сите земји на светот каде што има мозаично културно наследство.

Стоби, 02.02.2018 год.

Мише Тутковски
в.д. директор